Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

Извадок на дел од дневни настани 03.06.2023

На 02.06.2023 во 23.40 часот во угостителски објект на подрачјето на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода И.Р.(34) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 03.06.2023 во 00.10 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници го лишиле до слобода П.И.(26) од Р.Србија, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Ноќва (03.06.2023) во 02.00 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници го лишиле од слобода Д.Г.(23) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 03.06.2023 во 00.15 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 03.06.2023 во 01.40 часот од угостителски објект во Градскиот парк во Скопје, полициски службеници го лишиле до слобода В.Ф.(25) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 03.06.2023 во 01.50 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Ф.Е.(25), С.О.(18) и Н.М.(19), сите од кумановско, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја, прашкаста материја, марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 03.06.2023 во 02.45 часот на подрачјето на Ѓорче Петров, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Б.(28) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 03.06.2023 во 01.45 часот во с.Волково, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Н.(29) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 02.06.2023 во 23.00 часот на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Е.Ш.(29), Л.А.(31) и Ф.А.(33), сите од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 02.06.2023 во 18.30 часот на Граничниот премин Ќафасан на влез во државата бил лишен од слобода Е.Б.(44) од Р.Албанија, бидејќи при извршена гранична контрола било утврдено дека се бара по меѓународна потерница од Интерпол. Тој бил предаден на полициски службеници од Полициската станица Струга за понатамошна постапка.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (02.06.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 137 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина девет санкции, 23 мерки за возење без возачка дозвола, девет санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, три санкции за возење под дејство на алкохол. Изречени се 10 мерки за технички неисправни и нерегистрирани возила, четири санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), 12 мерки за користење мобилен телефон при возење, седум санкции за некористење сигурносен појас...

На 02.06.2023 во 15.00 часот било пријавено дека во Битола, на крстосница од ул.„Широк Сокак" и ул.„11 Октомври", патничко возило „рено" со битолски регистарски ознаки, управувано од Х.Б.(43) од Битола, удрило во пешакот П.Ј.(77) од Битола. Во несреќата П.Ј. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Клиничката болница Битола. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола.

На 02.06.2023 во 11.35 часот било пријавено дека во Прилеп, на ул.„Гоце Делчев", се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „лада", управувано од И.К.(42) од с.Мало Коњари, приврзано и патничко возило „опел корса", управувано од Т.С.(62), двете со прилепски регистарски ознаки. Во несреќата сопатничката во возилото „опел", Т.С.(61) од Прилеп, се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Градската болница Прилеп. Извршен бил увид од увидна екипа од Полициската станица Прилеп.

На 02.06.2023 во 11.30 часот било пријавено дека на регионалниот пат Валандово-Струмица, кај место викано „Шепово", во близина на с.Костурино, се случила сообраќајна несреќа помеѓу трактор „ИМТ 539", без регистрска ознака, кој вршел полуприколка, управуван од В.П.(50) од с.Костурино и мотоцикл „кавасаки" со струмички регистарски ознаки, управуван од Ј.К.(38) од Струмица. Во несреќата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Медицинскиот центар Струмица. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Струмица.

На 02.06.2023 во 21.15 часот во Полициската станица Драчево, Д.А.(26) од Скопје пријавил дека на ул. „Јанко Мишик" бил каснат од куче скитник.

На 02.06.2023 во 17.25 часот било пријавено дека на регионалниот пат Скопје-Тетово, во близина на с.Сараќино, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „голф", управувано од О.Р.(20) од Тетово и патничко возило „голф", управувано од Д.Р.(37) од Тетово, двете со тетовски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил сопатникот од првото возило, Н.Р.(47), а со телесни повреди се здобиле двајцата возачи и тројца сопатници од двете возила, констатирани во Клиничката болница Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 02.06.2023 во 22.30 часот во Полициската станица Драчево, Ј.Г.(49) од Скопје пријавил дека на ул. „Иван Хаџи Николов" бил каснат од куче скитник.

На 02.06.2023 од страна на Единицата за недозволена трговија со дрога, Сектор за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи при Одделот за криминалистичка полиција, во соработка и со заедничка меѓународна истрага со Службата за борба против дрога од Солун, Република Грција, Американската служба за борба против дрога - ДЕА и Центарот за спроведување на законот во Југоисточна Европа – СЕЛЕК, успешно е реализирана заедничка операција на недозволена трговија со кокаин, при што во Солун се запленети 161 килограми кокаин. Вчерашната акција е продолжение на успешната акција од 08 и 09.05 2023 година кога во Солун беа запленети 105 кг кокаин и беа лишени од слобода 10 лица во Грција, и тоа 7 лица државјани на Република Грција и 3 лица државјани на Република Албанија, додека во Република Северна Македонија беа лишени од слобода 4 лица, наши државјани, кои во моментот се притворени и се наоѓаат во истражниот затвор Скопје. Вчерашната операција е резултат на продолжување на истрагата во двете земји и меѓусебната размена на сите информации поврзани со членовите на меѓународната криминална група, при што било утврдено дека веќе лишените лица нарачале и организирале и втора, нова количина на кокаин од Еквадор. Во соработка со Службата за дрога од Солун беа утврдени контејнерите, по што по нивното пристигнување на пристаништето во Солун тие беа предмет на контрола. На 02.06.2023 полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција, Сектор за недозволена трговија со дрога оружје и опасни материи, Единица за недозволена трговија со дрога, заедно со грчките колеги на пристаништето во Солун презедоа заеднички активности за откривање и водење на кокаин во количина од 100 пакувања, односно во секој контејнер биле пронајдени по 50 пакувања со кокаин, со вкупна тежина од 161 килограм. Притоа, кокаинот бил пронајден во специјално направени бункери во шините од подот на двата контејнера. Одделот за крим-полиција ќе достави известување до ОЈО за ГОКК.

На 02.06.2023 во 23.25 часот во Неготино од полициски службеници од Полициската станица Неготино биле лишени од слобода Р.Ј.(19), М.Ј.(21), А.М.(20) и М.М.(18), сите од с.Криволак. Тие околу 22.10 часот во угостителски објект во Неготино физички ги нападнале С.С., С. Т. и И.А. и шутетите инвентар од објектот. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 02.06.2023 во 11.15 часот од полициски службеници од СВР Тетово бил приведен Ѓ.Г.(31) од с.Чегране, кој се барал со судска наредба за издржување на казна затвор за сторено кривично дело по чл.215 од Кривичниот законик. Тој бил предаден во Казнено-поправната установа Затвор Тетово.

На 02.06.2023 во 11.40 часот полициски службеници од ОВР Гостивар во Гостивар ги лишиле од слобода В.Ф.(28) од Гостивар, постапувајќи по пријава од 57-годишен гостиварец според која во близина на Железничката станица во Гостивар тој му одзел мотоцикл „хамачи" со гостиварски регистарски ознаки. Мотоциклот бил пронајден, одземен и вратен на сопственикот, а по целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 02.06.2023 околу 20.10 часот од страна на полициски службеници од ЕВР-ОКР Ѓорче Петров-Потраги, по преземани мерки и активности била пронајдена Т.К.(17), која истиот ден била пријавена од нејзината мајка дека се оддалечила од домот.

На 02.06.2023 во 19.36 часот било пријавено дека во меѓузоната на Граничниот премин Табановце настанал пожар во електрична инсталација на патничко возило „форд фокус" со српски национални ознаки, управувано од С.М.(55) од Р.Србија. Пожарот бил локализиран од страна на присутни возачи кои чекале за влез во РСМ. Повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово. На 02.06.2023 во 21.20 часот А.К.(45) од Скопје, пријавил дека околу 20.40 часот на подрачјето на Центар, во близина на угостителски објект, неговата малолетна ќерка била физички нападната од друга малолетничка. Се презеемаат мерки за расчистување на случајот

На 03.06.2023 во 01.45 часот во угостителски објект во Градскиот парк, лишени од слобода биле М.М.(24) од Охрид, И.С.(21) и С.К.(21), двајцата од Скопје. Од страна на полициски службеници кај И.С. биле пронајдени и одземени прашкаста материја и марихуана, а тројцата физички нападнале полициски службеник кој извршувал службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 02.06.2023 во 23.45 часот било пријавено дека во с.Волково бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка. Имено, Т.Ј.(32), Ц.Ј.(66) и С.Б.Ј.(26), сите од Скопје, пријавиле дека околу 23.30 часот, Т.Ј. и Ц.Ј. физички биле нападнати од повеќе лица, по што настанала меѓусебна пресметка во која што биле употребени тврди и стаклени предмети. Во врска со случајот, С.Д.(31) од с.Волково, Х.Е.(37), Н.С.(53), С.С.(30) и Ф.Х.(32), сите од Скопје, изјавиле дека физички биле нападнати од страна на Т.Ј. и Ц.Ј.. По целосно документирање на случајот ќе следат соодветни поднесоци.

На 02.06.2023 во 20.30 часот Т.М.(42) од Скопје пријавил дека околу 19.00 часот пред угостителски објект на подрачјето на Центар бил физички нападнат од А.А. и Е.А.. Се презеемаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.06.2023 во 20.30 часот Р.Б.(53) од Скопје пријавил дека околу 19.45 часот на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од Ф.Н.. Се работи на расчистување на случајот.

На 02.06.2023 во 15.10 часот М.В.(21) од Скопје, пријавил дека околу 12.45 часот, во с.Долно Лисиче, скопско, бил физички нападнат од Ф.Т.. Се презеемаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Н.К.(65) од Р.Грција, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 21.05.2023 на граничен премин Табановце, при контрола кај пријавениот била пронајдена марихуана и течност кај која е утврдено присуство на канабидиоли.

На 02.06.2023 во 18.30 часот Р.Р.(34) од Скопје пријавил дека околу 17.30 часот на подрачјето на Ѓорче Петров бил физички нападнат од неговиот роднина А.А. Се презеемаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.06.2023 во 19.40 часот, З.Г.(68) пријавила дека околу 19.00 часот во Кочани била физички нападната од С.И., двете од Кочани. Се презеемаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.06.2022 во 20.30 часот во Полициската станица Карпош, било пријавено дека од здравствена установа на подрачјето на Карпош се оддалечил Д.С.(33) од Неготино. Се презеемаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 02.06.2023 во 16.40 часот М.С.(59) пријавил дека во Струмица, по претходна расправија, бил физички нападнат од С.С., двајцата од Струмица. Се презеемаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.06.2023 во 21.50 часот бил пријавено дека на ул.„Васко Карангелевски" во Битола настанал пожар во патничко возило џип „гранд чироки" без регистарски ознаки, сопственост на М.И.(43) од Битола, кое според пријавеното било неисправно. Пожарот бил изгаснат од Територијалната противпожарна бригада-Битола. Повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Битола.

На 03.06.2023 во 00.45 часот било пријавено дека пред угостителски објект во Кавадарци, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу А.К.(40), Б.К.(38) и Ц.Р.(60) од с.Желино, од една страна, и А.Р.(25) и Д.М.(24), двајцата од Кавадарци, од друга страна. По целосно документирање на случајот ќе следат соодветни поднесоци.

На 02.06.2023 во 21.00 часот во ОВР Прилеп, С.А.(43) од Прилеп пријавил дека од домот се оддалечил неговиот малолетен син Б.А.(15). Според пријавеното, малолетникот најверојатно бил со неговата малолетна девојка. Се презеемаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 02.06.2023 во 21.15 часот Ѓ.Б.(28) од с.Обршани, прилепско, пријавил дека на влезот во селото бил физички нападнат од Б.Ѓ. од с.Крушеани. Се презеемаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.06.2023 во 19.00 часот З.С.(51) од Битола пријавил дека околу 13.30 часот во угостителски објект во Битола бил вербално нападнат од едно лице кое имало пиштол, но набрзо било отстрането од локалот. За настанот е известен Јавен обвинител и се презеемаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.06.2023 во 23.40 часот во Ресен до полициски службеници од Полициската станица Ресен бил лишен од слобода С.М.(59) од Ресен, поради тоа што околу 16.40 часот во парче кај нас„Пролет" во Ресен, се соблекол и допирал по телото малолетничка. По документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.06.2023 во 19.46 часот било пријавено дека во Куманово бил нарушен јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу Г.М.(53) и Г.Ѓ (43), двајцата од Куманово. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 02.06.2023 во 20.00 часот, М.Т.(63) од Кичево, во полициска станица пријавила дека на улицата „4 Јули" во Кичево била каснат од куче скитник.